# МИТ Универзитет Скопје



**ИЗВЕШТАЈ ЗА САМОЕВАЛУАЦИЈА НА МИТ УНИВЕРЗИТЕТ – СКОПЈЕ**
**(ЗА ПЕРИОДОТ 2011/12 – 2013/14)**

**Скопје, јули 2014 година**

# Содржина

1. ВОВЕД ..... 1
1.1. Цели на самоевалуацијата ..... 1
1.2. Учесници во самоевалуацијата ..... 1
1.3 Субјекти кои учествуваа во процесот на самоевалуација ..... 1
2. ЗА УНИВЕРЗИТЕТОТ ..... 1
2.1. Карта ма МИТ Универзитет – Скопје ..... 1
3. ФАКУЛТЕТИ ..... 2
4. МИТ ФАКУЛТЕТ ЗА МЕНАЏМЕНТ – СКОПЈЕ ..... 2
4.1 Учесници во самоевалуацијата ..... 3
4.2 Број на вработени ..... 4
4.3 Број на запишани студенти ..... 4
4.3.1 Студенти на прв циклус на студии ..... 4
4.3.2 Студенти на втор циклус на студии ..... 4
4.4 Број на дипломирани студенти ..... 4
4.4.1 Студенти на прв циклус на студии ..... 4
4.4.2 Студенти на втор циклус на студии ..... 4
4.5 НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ ..... 5
4.5.1 Број на публикации во последните 3 години ..... 5
4.5.2 Учество на семинари, конференции, научни собири (домашни и меѓународни) во последните 3 години ..... 5
4.5.3 Вкупен број организирани научни собири во последните 3 години ..... 5
4.6 НАДВОРЕШНА СОРАБОТКА ..... 5
4.7 УЧЕСТВО НА СТУДЕНТИТЕ ВО ОЦЕНУВАЊЕТО НА КВАЛИТЕТОТ НА НАСТАВНО-ОБРАЗОВНИОТ ПРОЦЕС ..... 6
4.7.1 Анкета за евалуација на општото задоволство од студиите ..... 6
4.7.2 Анкета за евалуација на предметите ..... 7
4.8 РЕЗИМЕ ОД САМОЕВАЛУАЦИЈАТА ..... 8
5. МИТ ФАКУЛТЕТ ЗА КОМПЈУТЕРСКИ НАУКИ И ТЕХНОЛОГИИ - СКОПЈЕ ..... 9
5.1 Учесници во самоевалуацијата ..... 10
5.2 Број на вработени ..... 10

5.3 Број на запишани студенти ..... 10
5.3.1 Студенти на прв циклус на студии ..... 10
5.3.2 Студенти на втор циклус на студии ..... 10
5.4 Број на дипломирани студенти ..... 11
5.4.1 Студенти на прв циклус на студии ..... 11
5.4.2 Студенти на втор циклус на студии ..... 11
5.5 НАУЧНО – ИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ ..... 11
5.5.1 Број на публикации во последните 3 години ..... 11
5.5.2 Учество на семинари, конференции, научни собири (домашни и меѓународни) во последните 3 години ..... 11
5.5.3 Вкупен број организирани научни собири во последните 3 години ..... 12
5.6 НАДВОРЕШНА СОРАБОТКА ..... 12
5.7 УЧЕСТВО НА СТУДЕНТИТЕ ВО ОЦЕНУВАЊЕТО НА КВАЛИТЕТОТ НА НАСТАВНО-ОБРАЗОВНИОТ ПРОЦЕС ..... 12
5.7.1 Анкета за евалуација на општото задоволство од студиите ..... 13
5.7.2 Анкета за евалуација на предметите ..... 13
5.8 РЕЗИМЕ ОД САМОЕВАЛУАЦИЈАТА ..... 14
6. МИТ ФАКУЛТЕТ ЗА АРХИТЕКТУРА – СКОПЈЕ ..... 15
6.1 Учесници во самоевалуацијата ..... 15
6.2 Број на вработени ..... 16
6.3 Број на запишани студенти ..... 16
6.3.1 Студенти на прв циклус на студии ..... 16
6.3.2 Студенти на втор циклус на студии ..... 16
6.4 Број на дипломирани студенти ..... 16
6.4.1 Студенти на прв циклус на студии ..... 16
6.5 НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ ..... 17
6.5.1 Број на публикации во последните 3 години ..... 17
6.5.2 Учество на семинари, конференции, научни собири (домашни и меѓународни) во последните 3 години ..... 17
6.5.3 Вкупен број организирани научни собири во последните 3 години ..... 17
6.6 НАДВОРЕШНА СОРАБОТКА ..... 17
6.7. УЧЕСТВО НА СТУДЕНТИТЕ ВО ОЦЕНУВАЊЕТО НА КВАЛИТЕТОТ НА НАСТАВНО-ОБРАЗОВНИОТ ПРОЦЕС ..... 19

6.7.1 Анкета за евалуација на општото задоволство од студиите ..... 19
6.7.2 Анкета за евалуација на предметите ..... 20
6.8 РЕЗИМЕ ОД САМОЕВАЛУАЦИЈАТА ..... 20
7. МИТ ФАКУЛТЕТ ЗА МЕНАЏМЕНТ НА ЕКОЛОШКИ РЕСУРСИ – СКОПЈЕ ..... 21
7.1 Учесници во самоевалуацијата ..... 22
7.2 Број на вработени ..... 22
7.3 Број на запишани студенти ..... 22
7.3.1 Студенти на прв циклус на студии ..... 22
7.3.2 Студенти на втор циклус на студии ..... 23
7.4 Број на дипломирани студенти ..... 23
7.4.1 Студенти на прв циклус на студии ..... 23
7.4.2 Студенти на втор циклус на студии ..... 23
7.5 НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ ..... 23
7.5.1 Број на публикации во последните 3 години ..... 23
7.5.2 Учество на семинари, конференции, научни собири (домашни и меѓународни) во последните 3 години ..... 24
7.6 НАДВОРЕШНА СОРАБОТКА ..... 24
7.7 УЧЕСТВО НА СТУДЕНТИТЕ ВО ОЦЕНУВАЊЕТО НА КВАЛИТЕТОТ НА НАСТАВНО-ОБРАЗОВНИОТ ПРОЦЕС ..... 24
7.7.1 Анкета за евалуација на општото задоволство од студиите ..... 24
7.7.2 Анкета за евалуација на предметите ..... 25
7.8 РЕЗИМЕ ОД САМОЕВАЛУАЦИЈАТА ..... 25
8. МИТ ФАКУЛТЕТ ЗА МЕНАЏМЕНТ НА ТУРИЗАМ – СКОПЈЕ ..... 26
8.1 Учесници во самоевалуацијата ..... 27
8.2 Број на вработени ..... 27
8.3 Број на запишани студенти ..... 27
8.3.1 Студенти на прв циклус на студии ..... 27
8.4 Број на дипломирани студенти ..... 27
8.4.1 Студенти на прв циклус на студии ..... 27
8.4.2 Студенти на втор циклус на студии ..... 28
8.5 НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ ..... 28
8.5.1 Број на публикации во последните 3 години ..... 28

8.5.2 Учество на семинари, конференции, научни собири (домашни и меѓународни) во последните 3 години ........ 28
8.6 НАДВОРЕШНА СОРАБОТКА ........ 28
8.7 УЧЕСТВО НА СТУДЕНТИТЕ ВО ОЦЕНУВАЊЕТО НА КВАЛИТЕТОТ НА НАСТАВНО-ОБРАЗОВНИОТ ПРОЦЕС ........ 29
8.7.1. Анкета за евалуација на општото задоволство од студиите ........ 29
8.7.2. Анкета за евалуација на предметите ........ 29
8.8 РЕЗИМЕ ОД САМОЕВАЛУАЦИЈАТА ........ 30
9. МИТ ФАКУЛТЕТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ, КРИМИНОЛОГИЈА И ФИНАНСИСКА КОНТРОЛА – СКОПЈЕ ........ 31
9.1 Учесници во самоевалуацијата ........ 32
9.2 Број на вработени ........ 32
9.3 Број на запишани студенти ........ 32
9.3.1 Студенти на прв циклус на студии ........ 32
9.3.2 Студенти на втор циклус на студии ........ 32
9.4 НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ ........ 32
9.4.1 Број на публикации во последната година ........ 33
9.4.2 Учество на семинари, конференции, научни собири (домашни и меѓународни) во последната година ........ 33
9.5 НАДВОРЕШНА СОРАБОТКА ........ 33
9.6 УЧЕСТВО НА СТУДЕНТИТЕ ВО ОЦЕНУВАЊЕТО НА КВАЛИТЕТОТ НА НАСТАВНО-ОБРАЗОВНИОТ ПРОЦЕС ........ 33
9.6.1 Анкета за евалуација на општото задоволство од студиите ........ 34
9.6.2 Анкета за евалуација на предметите ........ 34
9.7 РЕЗИМЕ ОД САМОЕВАЛУАЦИЈАТА ........ 35
10. МИТ ФАКУЛТЕТ ЗА ПРАВНИ НАУКИ, МЕЃУНАРОДНИ ОДНОСИ И ДИПЛОМАТИЈА – СКОПЈЕ ........ 36
10.1 Учесници во самоевалуацијата ........ 36
10.2 Број на вработени ........ 37
10.3 Број на запишани студенти ........ 37
10.3.1 Студенти на прв циклус на студии ........ 37
10.3.2 Студенти на втор циклус на студии ........ 37
10.4 НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ ........ 37
10.4.1 Број на публикации во последната година ........ 37

10.4.2 Учество на семинари, конференции, научни собири (домашни и меѓународни) во последната година ..... 38
10.4.3 Вкупен број организирани научни собири во последната година ..... 38
10.5 НАДВОРЕШНА СОРАБОТКА ..... 38
10.6 УЧЕСТВО НА СТУДЕНТИТЕ ВО ОЦЕНУВАЊЕТО НА КВАЛИТЕТОТ НА НАСТАВНО-ОБРАЗОВНИОТ ПРОЦЕС ..... 38
10.6.1 Анкета за евалуација на општото задоволство од студиите ..... 38
10.6.2 Анкета за евалуација на предметите ..... 39
10.7 РЕЗИМЕ ОД САМОЕВАЛУАЦИЈАТА ..... 39
11. МИТ ФАКУЛТЕТ ЗА ПСИХОЛОГИЈА – СКОПЈЕ ..... 40
11.1 Учесници во самоевалуацијата ..... 40
11.2 Број на вработени ..... 41
11.3 Број на запишани студенти ..... 41
11.3.1 Студенти на прв циклус на студии ..... 41
11.3.2 Студенти на втор циклус на студии ..... 41
11.4 НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ ..... 41
11.4.1 Број на публикации во последните 3 години ..... 41
11.4.2 Учество на семинари, конференции, научни собири (домашни и меѓународни) во последните 3 години ..... 42
11.5 НАДВОРЕШНА СОРАБОТКА ..... 42
11.6 УЧЕСТВО НА СТУДЕНТИТЕ ВО ОЦЕНУВАЊЕТО НА КВАЛИТЕТОТ НА НАСТАВНО-ОБРАЗОВНИОТ ПРОЦЕС ..... 42
11.6.1 Анкета за евалуација на општото задоволство од студиите ..... 42
11.6.2 Анкета за евалуација на предметите ..... 43
11.7 РЕЗИМЕ ОД САМОЕВАЛУАЦИЈАТА ..... 44
12. СТУДЕНТСКА ЕВАЛУАЦИЈА ЗА КОРИСТЕЊЕТО НА ЕЛЕКТРОНСКИОТ СИСТЕМ НА МИТ УНИВЕРЗИТЕТ ..... 44
13. МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА ..... 47
14. ЗАКЛУЧОК ..... 47
КОМИСИЈА ЗА ЕВАЛУАЦИЈА ..... 49
Прилог 1 ..... 50
Прилог 2 ..... 53

# 1. ВОВЕД

## 1.1. Цели на самоевалуацијата

Самоевалуацијата на МИТ Универзитет – Скопје е дел од процесот за евалуација на неговиот квалитет и дел од постапката на акредитација според законските акти на Република Македонија. Нејзините главни цели се:

• да претставува краток и содржаен преглед на наставно-образовниот процес, научно-истражувачката работа, оспособеноста и активностите на студентите и функционирањето на факултетите;

• да ги анализира силните и слабите страни на универзитетот при вршење на високообразовна и научна дејност и да предложи активности и корективни мерки;

Самоевалуацијата опфаќа период од три академски години и тоа 2011/2012, 2012/2013 и 2013/2014 година.

## 1.2. Учесници во самоевалуацијата

**Комисија за евалуација**

Комисијата за евалуација (избрана врз основа на член 77 од Законот за високото образование и член 304-310 од Статутот на МИТ Универзитет – Скопје) ја сочинуваат следниве членови избрани од Сенатот на МИТ Универзитет на редовна седница одржана на 02.06.2014 година со одлука бр. 0206-272/3:

1. Доц. д-р Јана Илиева - претседател
2. Доц. д-р Катерина Вељановска - член
3. М-р Невена Ристова - член
4. М-р Милица Денковска - член
5. Горан Трајков - претставник од студентски парламент

## 1.3 Субјекти кои учествуваа во процесот на самоевалуација

Во процесот на самоевалуација помогнаа сите вработени на факултетите при МИТ Универзитет, стручната и административна служба на универзитетот, одделението за финансии и сметководство, наставно-научниот кадар, како и студентите.

Во постапката за самоевалуација анализирана е и евалуацијата и оценката од страна на студентите која е извршена преку анкета два пати во секоја учебна година.

# 2. ЗА УНИВЕРЗИТЕТОТ

## 2.1. Карта ма МИТ Универзитет – Скопје

| | |
|---|---|
| Назив на високообразовната установа | МИТ Универзитет – Скопје |
| Седиште | Бул. Трета македонска бригада ББ, Скопје |

| | |
|---|---|
| Вид на високообразовната установа | Приватна |
| Податоци за основачот (на приватната високообразовната установа) | Основач на Факултетот за менаџмент е Божидар Арт Марми дооел – Скопје. Друштвото е запишано во трговскиот регистар на Основниот суд Скопје 1 во Скопје |

**3. ФАКУЛТЕТИ**

| | |
|---|---|
| Единици во состав на високообразовната установа | Факултет за менаџмент<br>Факултет за компјутерски науки и технологии<br>Факултет за архитектура<br>Факултет за менаџмент на еколошки ресурси<br>Факултет за менаџмент на туризам<br>Факултет за безбедност, криминологија и финансиска контрола<br>Факултет за правни науки, меѓународни односи и дипломатија<br>Факултет за психологија |

**4. МИТ ФАКУЛТЕТ ЗА МЕНАЏМЕНТ – СКОПЈЕ**

| | |
|---|---|
| Име на студиската програма | МЕНАЏМЕНТ |
| Самостојна високообразовна институција во која се изведува студиската програма | МИТ УНИВЕРЗИТЕТ – СКОПЈЕ |
| Единица на универзитетот во која се изведува студиската програма | ФАКУЛТЕТ ЗА МЕНАЏМЕНТ |
| Образовно -научно поле | 5. ОПШТЕСТВЕНИ НАУКИ<br>506 Организациони науки и управување (менаџмент)<br>50603 Бизнис менаџмент<br>50615 Менаџмент во администрација<br>50617 Менаџмент во здравство<br>50607 Финансиски менаџмент<br>516 Безбедност<br>51603 Криминологија |

бул. Трета македонска бригада 66, 1000 Скопје, Република Македонија
тел: ++389 (0)2 2402 373; факс: ++389 (0)2 2402 890
вебсајт: www.mit.edu.mk е-пошта: contact@mit.edu.mk
МИТ УНИВЕРЗИТЕТ

| | |
|---|---|
| Научна, стручна или уметничка област | ОРГАНИЗАЦИОНИ НАУКИ И УПРАВУВАЊЕ (МЕНАЏМЕНТ) |
| Вид на студии | АКАДЕМСКИ – ПРВ (I) ЦИКЛУС<br>ВТОР (II) ЦИКЛУС |
| Обем на студиите изразен во ЕКТС кредити | 180 ЕКТС кредити за додипломски студии<br>120 ЕКТС за постдипломски студии |
| Научен назив | - ***Дипломиран бизнис менаџер***<br>- ***Дипломиран менаџер по безбедност и финансиска контрола***<br>- ***Дипломиран финансиски менаџер***<br>- ***Дипломиран менаџер во областа на јавна администрација и локална самоуправа***<br>- ***Дипломиран менаџер во областа на здравството***<br>Академскиот назив кој студентот се стекнува со завршување на двегодишната студиска програма од втор циклус студии по менаџмент е ***Магистер по бизнис менаџмент, Магистер по безбедност и финансиска контрола, Магистер по финансиски менаџмент, Магистер по менаџмент на јавна администрација и локална самоуправа, Магистер по здравствен менаџмент*** |
| Времетраење на студиите, во години | Три години за прв циклус студии<br>Две години за втор циклус студии |
| Јазик на којшто ќе се изведува студиската програма | МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК |

**4.1 Учесници во самоевалуацијата**

Комисијата за евалуација (избрана врз основа на член 77 од Законот за високото образование и член 311-314 од Статутот на МИТ Универзитет – Скопје) ја сочинуваат следниве членови избрани од наставно-научниот совет на Факултетот на редовна седница одржана на 13.12.2013 година со одлука бр. 0201-884/1:

1. Доц. д-р Александра Цибрева - претседател
2. Доц. д-р Сања Николиќ - член
3. Д-р Александар Дејановски - член

4. М-р Милица Денковска - член
5. Студент Анѓела Јанева - член

**4.2 Број на вработени**

**Наставно-научен, соработнички, стручен и административен кадар**

Табела 4.2.1 Број на вработени на МИТ Факултет за менаџмент – Скопје

| Наставно-научен кадар | Соработнички кадар (асистенти и лектори) | Стручен и административен кадар |
|---|---|---|
| 9 | 12 | / |

**4.3 Број на запишани студенти**

**4.3.1 Студенти на прв циклус на студии**

Табела 4.3.1.1 Број на студенти на прв циклус студии за периодот 2011-2014 година

| Академска година | Број на запишани студенти |
|---|---|
| 2011/2012 | 53 |
| 2012/2013 | 64 |
| 2013/2014 | 17 |
| Вкупно | 134 |

**4.3.2 Студенти на втор циклус на студии**

Табела бр. 4.3.2.1 Број на студенти на втор циклус студии за периодот 2011-2014 година

| Академска година | Број на запишани студенти |
|---|---|
| 2011/2012 | 13 |
| 2012/2013 | 12 |
| 2013/2014 | 10 |
| Вкупно | 35 |

**4.4 Број на дипломирани студенти**

**4.4.1 Студенти на прв циклус на студии**

Табела 4.4.1.1 Број на дипломирани студенти за периодот 2011-2014 година

| Академска година | Број на дипломирани студенти |
|---|---|
| 2011/2012 | 29 |
| 2012/2013 | 26 |
| 2013/2014 | 28 |
| Вкупно | 83 |

**4.4.2 Студенти на втор циклус на студии**

Табела бр. 4.4.2.1 Број на магистрирани студенти за периодот 2011-2014 година

| Академска година | Број на магистрирани студенти |
|---|---|
| 2011/2012 | 10 |

бул. Трета македонска бригада 6б, 1000 Скопје, Република Македонија
тел: ++389 (0)2 2402 373; факс: ++389 (0)2 2402 890
вебсајт: www.mit.edu.mk е-пошта: contact@mit.edu.mk



| | |
|---|---|
| 2012/2013 | 9 |
| 2013/2014 | 8 |
| Вкупно | 27 |

## 4.5 НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Факултетот бележи значителна научноистражувачка дејност, при што наставно-научните кадри се вклучени во креирање и реализација на многубројни научноистражувачки проекти од домашен и меѓународен карактер. Резултатите од истражувањата се во функција, не само на развојот на науката, туку и на унапредувањето на наставно-образовната дејност. Исто така, наставно-научниот кадар учествува во бројни домашни и меѓународни состаноци (конгреси, симпозиуми, семинари, работилници и слично) со бројни орални презентации или постер-презентации.

### 4.5.1 Број на публикации во последните 3 години

Во последните три години, наставно-научниот кадар на Факултетот за менаџмент како резултат на богатата научно-истражувачка работа објави 58 научни и стручни трудови и издаде 4 книги.

### 4.5.2 Учество на семинари, конференции, научни собири (домашни и меѓународни) во последните 3 години

Кадарот на факултетот во последните три години своите достигнувања од научно-истражувачката работа ги презентираше на 42 домашни и меѓународни конференции.

### 4.5.3 Вкупен број организирани научни собири во последните 3 години

МИТ Факултетот за менаџмент во изминатите три години беше организатор и коорганизатор на две меѓународни научни конференции. Првата меѓународна научна конференција во организација на МИТ Универзитет, Факултет за менаџмент – насока Безбедност и финансиска контрола „Глобалната безбедност и предизвиците на 21-виот век“ се одржа на 08.06.2012 година во Македонски Брод. Учество земаа истакнати научни работници од земјата и од странство и ги презентираа своите научни достигнувања во областа на безбедноста и имаа можност да ги разменат своите мислења и резултати од истражувањата во панел-дискусии и тркалезна маса. Научните трудови од конференцијата беа објавени во Зборник на трудови.

Факултетот за менаџмент беше и коорганизатор на втората меѓународна конференција „Знаењето – капитал на иднината“ со наслов „Нови знаења за новите луѓе“ која се одржа во Охрид, Хотел „Десарет“ од 21.-23.05.2014 година. Презентираните трудови беа објавени во специјално издание на индексираното списание *Journal of Process Management – New Technologies International 2014*.

## 4.6 НАДВОРЕШНА СОРАБОТКА

МИТ Факултетот за менаџмент во координација со МИТ Центарот за квалитет и развој на кариера имаат за цел поттикнување и развој на професионалната кариера на студентите уште за време на студирањето.

МИТ Центарот за квалитет и развој на кариера нуди можности за професионално надоградување на студнетите на факултетот за менаџмент преку посета на семинари, обуки, работилници, експертски советувања и индивидуални истражувања според актуелните потреби.

Покрај редовните активности кои ги опфаќа стручната доквалификација на студентите, предвидена е и континуирана соработка со раководството на престижни домашни и странски компании. Меѓусебната комуникација со бизнис секторот ќе овозможи редовно ажурирање на базата на податоци во врска со сите потреби и моментални понуди на секоја организација поединечно. Токму ова ќе овозможи достапност на релевантни информации на едно место, за студентите кои бараат работа, но и за работодавците кои нудат слободни работни места и имаат потреба од високо – стручен и професионален кадар.

МИТ Центарот за квалитет и развој на кариера има склучено меморандум за соработка со следните организации:

- Здружение на бизнис жени
- РЗ Инфомедиа
- ДОО „Супертрејд“
- Интер Дангов ДООЕЛ, друштво за компјутерски активности
- Жикол, друштво за градежништво и трговија
- Да Научиме ДООЕЛ
- Здружение на внатрешни ревизори на Македонија
- НЛП Центар Белград
- Млекара „Здравје Радово“
- Друштво за туризам, промет и застапување „Савана“ доо
- „Слоу Фуд мрежа во Македонија“
- Младите можат
- Тренквалдер – кадровски услуги

## 4.7 УЧЕСТВО НА СТУДЕНТИТЕ ВО ОЦЕНУВАЊЕТО НА КВАЛИТЕТОТ НА НАСТАВНО-ОБРАЗОВНИОТ ПРОЦЕС

Поаѓајќи од одговорноста за квалитетот и начинот на изведување на постојните студиски програми, на Факултетот за менаџмент квалитетот на наставата се мониторираше со анонимна студентска анкета. Евалуацијата се спроведуваше по завршувањето на наставната програма за секој предмет. Раководителите на студиските програми, наставниците и соработниците се задолжени по анализата на резултатите да преземат соодветни мерки за подобрување на квалитетот на наставата. Во анкетата учествуваат студенти-испитаници од сите студиски години.

Со помош на анкетата се изврши евалуација на општото задоволство од студиите на Факултетот за менаџмент, како и на одделните предмети во рамките на студиските програми, а содржи прашања за асистентот, за наставникот и за предметот.

### 4.7.1 Анкета за евалуација на општото задоволство од студиите

**Анкетен прашалник: Прилог 1**

бул. Трета македонска бригада 66, 1000 Скопје, Република Македонија
тел: ++389 (0)2 2402 373; факс: ++389 (0)2 2402 890
вебсајт: www.mit.edu.mk е-пошта: contact@mit.edu.mk

Студентите одговориле: на 33% им се допаѓа тоа што МИТ Универзитет има форма на вонредно дописно студирање, на 67% делумно. Од додатните активности и ангажмани надвор од редовната настава, задоволни се (со оцена 5) 57 %, 29 % се изјасниле со оцена 4 и 14 % дале оцена 3.

100% од испитаните студенти повторно би се запишале на МИТ Универзитет.

**Мислење за програмата која се изучува на факултетите**

На скала од 1 (слабо) до 5 (одлично):

29 % од студентите тежината на програмата ја оцениле со 3, 14 % од студентите тежината на програмата ја оцениле со 4, 57 % од студентите тежината на програмата ја оцениле со 5.

14 % од студентите обемноста на програмата ја оцениле со 3, 29 % од студентите обемноста на програмата ја оцениле со 4, 57 % од студентите обемноста на програмата ја оцениле со 5.

43 % од студентите квалитетот на програмата го оцениле со 4, 57 % го оцениле со 5.

**Мислење на студентите за наставниот кадар**

На скала од 1 (слабо) до 5 (одлично):

14 % од студентите стручноста на наставниците ја оцениле со 3, 86 % од студентите стручноста на наставниците ја оцениле со 5.

29 % од студентите заинтересираноста на наставниците да го пренесат материјалот ја оцениле со 4, 71 % од студентите заинтересираноста на наставниците да го пренесат материјалот ја оцениле со 5.

14 % од студентите односот на наставниците кон студентите го оцениле со 3, 29 % од студентите односот на наставниците кон студентите го оцениле со 4, 57 % од студентите односот на наставниците кон студентите го оцениле со 5.

### 4.7.2 Анкета за евалуација на предметите

**Анкетен прашалник: Прилог 2**

Во врска со спроведената анкета која имаше за цел да се изврши евалуација на општото задоволство на студентите од предметите кои се изучуваат во рамките на Факултетот за менаџмент, беа добиени следните резултати (пресметан е вкупен просек за сите евалуирани предмети):

На прашањето „предавањата кои ги слушав ми помогнаа да го проширам своето знаење од областа на предметот“, 80 % од студентите одговориле „да“, 7 % „не“, додека 16 % „делумно“. На 70 % од испитаниците, содржината на предавањата им била интересна за следење и интелектуално провокативна, на 3 % не и на 27 % делумно. 77 % се задоволни од добриот сооднос на теоријата и вежбите за време на предавањето, 17 % делумно и 6 % не се задоволни. Од користењето на мултимедијални средства при предавањето, најголем процент од испитаниците се задоволни (77 %), делумно се задоволни 17 % , а не се задоволни 6 %.

На скала од 1 (слабо) до 5 (одлично), предметите од аспект на тежина беа оценети со: 5 – 42 %, 4 – 29 %, 3 – 21 %, 2 – 4 % и 1 – 4 %; од аспект на организација: 5 – 67 %, 4 – 13 %, 3 – 12 %, 2 – 4 % и 1 – 4 %, и од аспект на корисност 5 – 71 %, 4 – 17 %, 3 – 8 % и 1 – 4 %.

Најголем дел од испитаните студенти се задоволни од работата во помали групи и интерактивниот процес на одвивање на наставата (73 %), делумно задоволни се 23 % и незадоволни се 4 %. Од односот на предавачот кон студентот задоволни се 77%, делумно задоволни се 20%, а незадоволни 3 %. 80 % сметаат дека предавачот позитивно влијае на нивната мотивираност, 20 % делумно и 3 % дека не влијае.

На скала од 1 (слабо) до 5 (одлично), предавачите во поглед на стручноста беа оценети: со 5 – 64 %, со 4 – 16 %, со 3 – 16 % и со 1 – 4 %. Во поглед на заинтересираноста на предавачот да го пренесе материјалот, 72 % од студентите дале оцена 5, 12 % - 4, 12 % - 3 и 4 % дале оцена 1. Во поглед на јаснотијата на начинот на пренесување на материјалот, предавачите беа оценети: 68 % со 5, 16 % со 4, 8 % со 3, 4% со 2 и 4 % со оцена 1.

Резултатите од студентската евалуација одделно за секој наставник се од доверлив карактер и се приложени во нивните досиеја.

## 4.8 РЕЗИМЕ ОД САМОЕВАЛУАЦИЈАТА

По разгледувањето и анализата на резултатите од самоевалуацијата на МИТ Факултетот за менаџмент, комисијата за самоевалуација ги донесе следните заклучоци во однос на позитивните и негативните страни кои можат да се издвојат за последните три академски години:

Позитивни страни

- современи студиски програми;
- постојано усогласување на курикулумот со европските регулативи и стандарди;
- можност за избор од голем фонд на понудени изборни предмети;
- оспособување со вештини тесно поврзани со идната професија;
- компетентен наставен кадар;
- просторни можности за обавување на теоретската настава;
- практична настава организирана во мали групи;
- континуирана проверка на знаењата преку колоквиуми;
- достапност на наставни материјали преку електронскиот систем moodle;
- континуирани напори за осовременување на средствата за настава;
- балансирана оптовареност по семестри и години;
- голем број наставници со високи квалификации и референци;
- добра покриеност со наставен кадар за сите студиски програми;
- мобилност на студентите за остварување кредити на други високообразовни институции;
- задоволителна техничка и просторна екипираност, со дидактички простор кој ги задоволува нормативите и стандардите за вршење високообразовна дејност.

Негативни страни

- пасивност на студентите за време на теоретската настава;
- недоволна индивидуална вклученост на студентите во практичната настава, истражувачката работа, односно самостојност на кандидатите;
- намалување на интересот на идните кандидати за упис на студиите по менаџмент.

## 5. МИТ ФАКУЛТЕТ ЗА КОМПЈУТЕРСКИ НАУКИ И ТЕХНОЛОГИИ - СКОПЈЕ

| | |
|---|---|
| Име на студиската програма | **Компјутерски науки и технологии** |
| Самостојна високообразовна институција во која се изведува студиската програма | МИТ УНИВЕРЗИТЕТ – СКОПЈЕ |
| Единица на универзитетот во која се изведува студиската програма | ФАКУЛТЕТ ЗА КОМПЈУТЕРСКИ НАУКИ И ТЕХНОЛОГИИ |
| Образовно -научно поле | **1. Природно – математички науки**<br>109. Математика<br>110. Информатика<br>**2. Техничко – технолошки науки**<br>211. Индустриско инжинерство и Менаџмент<br>212. Компјутерска техника и информатика |
| Научна, стручна или уметничка област | **Природно – математички науки**<br>**Техничко – технолошки науки** |
| Вид на студии | АКАДЕМСКИ – ПРВ (I) ЦИКЛУС<br>ВТОР (II) ЦИКЛУС |
| Обем на студиите изразен во ЕКТС кредити | 180 ЕКТС кредити за додипломски студии<br>120 ЕКТС за постдипломски студии |
| Научен назив | Дипломиран инженер по компјутерски науки и технологии :<br>- Модул: Информациситехнологии<br>- Модул: Web програмирање<br>- Модул: Информатичкименаџмент<br>- Модул: Системскоинженерство<br>- Модул: Системскаадминистрација<br>Академскиот назив кој студентот се стекнува со завршување на двегодишната студиска програма од втор циклус студии по компјутерски науки и технологии е ***Магистер по компјутерски науки и технологии:*** |

| | |
|---|---|
| | - Модул: Информациски технологии<br>- Модул: Web програмирање<br>- Модул: Информатички менаџмент<br>- Модул: Системско инженерство и администрација |
| Времетраење на студиите, во години | Три години за прв циклус студии<br>Две години за втор циклус студии |
| Јазик на којшто ќе се изведува студиската програма | Македонски јазик |

### 5.1 Учесници во самоевалуацијата

**Комисија за евалуација**

Комисијата за евалуација (избрана врз основа на член 77 од Законот за високото образование и член 311-314 од Статутот на МИТ Универзитет – Скопје) ја сочинуваат следниве членови избрани од наставно-научниот совет на Факултетот на редовна седница одржана на 01.10.2013 година:

1. Проф. д-р Магдалена Марина - претседател
2. М-р Невена Ристова - член
3. М-р Огнен Спировски - член
4. М-р Дарко Данилоски - член
5. Студент Виктор Николовски - член

### 5.2 Број на вработени

**Наставно-научен, соработнички, стручен и административен кадар**

Табела 2.2.1 Број на вработени на МИТ Факултет за компјутерски науки и технологии – Скопје

| Наставно-научен кадар | Соработнички кадар (асистенти и лектори) | Стручен и административен кадар |
|---|---|---|
| 9 | 11 | / |

### 5.3 Број на запишани студенти

#### 5.3.1 Студенти на прв циклус на студии

Табела 5.3.1.1 Број на студенти на прв циклус студии за периодот 2011-2014 година

| Академска година | Број на запишани студенти |
|---|---|
| 2011/2012 | 5 |
| 2012/2013 | 6 |
| 2013/2014 | 14 |
| Вкупно | 25 |

#### 5.3.2 Студенти на втор циклус на студии

Табела бр. 5.3.2.1 Број на студенти на втор циклус студии за периодот 2011-2014 година

| Академска година | Број на запишани студенти |
|---|---|
| 2011/2012 | 5 |
| 2012/2013 | 2 |
| 2013/2014 | 2 |
| Вкупно | 9 |

### 5.4 Број на дипломирани студенти

#### 5.4.1 Студенти на прв циклус на студии

Табела 5.4.1.1 Број на дипломирани студенти за периодот 2011-2014 година

| Академска година | Број на дипломирани студенти |
|---|---|
| 2011/2012 | 13 |
| 2012/2013 | 12 |
| 2013/2014 | 5 |
| Вкупно | 30 |

#### 5.4.2 Студенти на втор циклус на студии

Табела бр. 5.4.2.1 Број на магистрирани студенти за периодот 2011-2014 година

| Академска година | Број на магистрирани студенти |
|---|---|
| 2011/2012 | 2 |
| 2012/2013 | / |
| 2013/2014 | / |
| Вкупно | 2 |

### 5.5 НАУЧНО – ИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Факултетот бележи значителна научноистражувачка дејност, при што наставно-научните кадри се вклучени во креирање и реализација на многубројни научноистражувачки проекти од домашен и меѓународен карактер. Резултатите од истражувањата се во функција, не само на развојот на науката, туку и на унапредувањето на наставно-образовната дејност. Исто така, наставно-научниот кадар учествува во бројни домашни и меѓународни состаноци (конгреси, симпозиуми, семинари, работилници и слично).

#### 5.5.1 Број на публикации во последните 3 години

Во последните три години, наставно-научниот кадар на Факултетот за компјутерски науки и технологии како резултат на богатата научно-истражувачка работа објави 22 научни и стручни трудови и издаде 3 книги.

#### 5.5.2 Учество на семинари, конференции, научни собири (домашни и меѓународни) во последните 3 години

Кадарот на факултетот во последните три години своите достигнувања од научно-истражувачката работа ги презентираше на 20 домашни и меѓународни конференции.

**5.5.3 Вкупен број организирани научни собири во последните 3 години**

МИТ Факултетот за компјутерски науки и технологии во последните 3 години не бил организатор на научни собири.

## 5.6 НАДВОРЕШНА СОРАБОТКА

Факултетот за компјутерски науки и технологии во координација со МИТ Центарот за квалитет и развој на кариера имаат за цел поттикнување и развој на професионалната кариера на студентите уште за време на студирањето.

МИТ Центарот за квалитет и развој на кариера нуди можности за професионално надоградување на студнетите на факултетот за менаџмент преку посета на семинари, обуки, работилници, експертски советувања и индивидуални истражувања според актуелните потреби.

Покрај редовните активности кои ги опфаќа стручната доквалификација на студентите, предвидена е и континуирана соработка со раководството на престижни домашни и странски компании. Меѓусебната комуникација со бизнис секторот ќе овозможи редовно ажурирање на базата на податоци во врска со сите потреби и моментални понуди на секоја организација поединечно. Токму ова ќе овозможи достапност на релевантни информации на едно место, за студентите кои бараат работа, но и за работодавците кои нудат слободни работни места и имаат потреба од високо – стручен и професионален кадар.

МИТ Центарот за квалитет и развој на кариера има склучено меморандум за соработка со следните организации:

- Здружение на бизнис жени
- Р3 Инфомедиа
- ДОО „Супертрејд“
- Интер Дангов ДООЕЛ, друштво за компјутерски активности
- Жикол, друштво за градежништво и трговија
- Да Научиме ДООЕЛ
- Здружение на внатрешни ревизори на Македонија
- НЛП Центар Белград
- Друштво за туризам, промет и застапување „Савана“ доо
- „Слоу Фуд мрежа во Македонија“
- Младите можат
- Тренквалдер – кадровски услуги
- Дуна Компјутери
- Compunet engineering

## 5.7 УЧЕСТВО НА СТУДЕНТИТЕ ВО ОЦЕНУВАЊЕТО НА КВАЛИТЕТОТ НА НАСТАВНО-ОБРАЗОВНИОТ ПРОЦЕС

Поаѓајќи од одговорноста за квалитетот и начинот на изведување на постојнитестудиски програми, на Факултетот за компјутерски науки и технологии квалитетот на наставата семонитoрираше со анонимна студентска анкета. Евалуацијата се спроведувашепо завршувањето на наставната програма за секој предмет. Раководителите на студиските програми, наставниците и соработниците се задолжени по анализата на резултатите да превземат соодветни мерки за подобрувањена квалитетот на наставата. Во анкетата учествуваат студенти-испитаници од ситестудиски години.

Со помош на анкетата се изврши евалуација на општото задоволство од студиите на Факултетот за компјутерски науки и технологии, како и на одделните предмети во рамките на студиските програми, а содржи прашања за асистентот, за наставникот и за предметот.

### 5.7.1 Анкета за евалуација на општото задоволство од студиите

**Анкетен прашалник: Прилог 1**

Студентите одговориле: на сите студентизапишани на МИТ Факултетот за компјутерски науки и технологии делумно им се допаѓа тоа што МИТ Универзитет има форма на вонредно дописно студирање. Сите студенти одговориле дека се присутни на речиси сите предавања Од додатните активности и ангажмани надвор од редовната настава, задоволни се (со оцена 4)100 %.

100% од испитаните студенти повторно би се запишале на МИТ Универзитет.

**Мислење за програмата која се изучува на факултетите**

На скала од 1 (слабо) до 5 (одлично):
100% од студентите тежината на програмата ја оцениле со 5.
100 % од студентите обемноста на програмата ја оцениле со 4.
100% го оценилеквалитетот на наставата со 5.

**Мислење на студентите за наставниот кадар**

На скала од 1 (слабо) до 5 (одлично):
100% од студентите стручноста на наставниците ја оцениле со 5.

Сите од студентите заинтересираноста на наставниците да го пренесат материјалот ја оцениле со 5.

Сите студентите односот на наставниците кон студентите го оцениле со 4.

Задоволството на сите студентите од додатните активности и ангажмани надвор од редовната настава е оценето со 4.

### 5.7.2 Анкета за евалуација на предметите

**Анкетен прашалник: Прилог 2**

Во врска со спроведената анкета која имаше за цел да се изврши евалуација на општото задоволство на студентите од предметите кои се изучуваат во рамките на Факултетот за компјутерски науки и технологии, беа добиени следните резултати (пресметан е вкупен просек за сите евалуирани предмети):

На прашањето „предавањата кои ги слушав ми помогнаа да го проширам своето знаење од областа на предметот“, 67 % од студентите одговориле „да“,додека 33 % „делумно“. На 58 % од испитаниците, содржината на предавањата им била интересна за следење и интелектуално провокативна, а на 42 % делумно. 83 % се задоволни од добриот сооднос на теоријата и вежбите за време на предавањето, а 17 % делумно се задоволни. Од користењето на мултимедијални средства при предавањето, најголем процент од испитаниците се задоволни (82 %), додека делумно се задоволни 18%.

На скала од 1 (слабо) до 5 (одлично), предметите од аспект на тежина беа оценети со: 5 – 61 %, 4 – 31%, 2 –8%; од аспект на организација: 5 – 67 %, 4 – 33 %, и од аспект на корисност 5 – 64 %, 4 – 36 %.

Најголем дел од испитаните студенти се задоволни од работата во помали групи и интерактивниот процес на одвивање на наставата (92 %), а делумно задоволни се 8 %. Од односот на предавачот кон студентот задоволни се 83%, делумно задоволни се 17%. 75 % сметаат дека предавачот позитивно влијае на нивната мотивираност, 17 % делумно и 8% дека не влијае.

На скала од 1 (слабо) до 5 (одлично), предавачите во поглед на стручноста беа оценети: со 5 – 83 %, со 4 – 17 %. Во поглед на заинтересираноста на предавачот да го пренесе материјалот, 92 % од студентите дале оцена 5, 8 % - 4. Во поглед на јаснотијата на начинот на пренесување на материјалот, предавачите беа оценети: 58 % со 5, 42 % со оцена 4.

Резултатите од студентската евалуација за секој наставник одделно се од доверлив карактер и се приложени во нивните досиеја.

## 5.8 РЕЗИМЕ ОД САМОЕВАЛУАЦИЈАТА

По разгледувањето и анализата на резултатите од самоевалуацијата на МИТ Факултетот за компјутерски науки и технологии, комисијата за самоевалуација ги донесе следните заклучоци во однос на позитивните и негативните страни кои можат да се издвојат за последните три академски години:

Позитивни страни: студиските програми се современи и постојано се усогласуваат на курикулумот со европските регулативи и стандарди; наставниот кадар е стручен и компетентен и ги покрива сите студиски програми; факултетот поседува соодветни просторни можности за обавување на теоретската настава, а практичната настава се организира во мали групи; факултетот редовно организира експертски предавања и работилници за надополнување на стекнатото знаење; се врши континуирана проверка на знаењата преку колоквиуми и проектни задачи; наставните материјали се достапни преку електронскиот систем moodle; факултетот овозможува мобилност на студентите за остварување кредити на други високообразовни институции; студентите се заинтересирани за учества во работилници и предавања од областа на компјутерски науки и технологии надвор од пропишаната настава.

Негативни страни: пасивност на студентите за време на теоретската настава и нивна недоволна заинтересираност за самостојна истражувачка работа.

бул. Трета македонска бригада 66, 1000 Скопје, Република Македонија
тел: ++389 (0)2 2402 373; факс: ++389 (0)2 2402 890
вебсајт: www.mit.edu.mk е-пошта: contact@mit.edu.mk

МИТ УНИВЕРЗИТЕТ

# 6. МИТ ФАКУЛТЕТ ЗА АРХИТЕКТУРА – СКОПЈЕ

| | |
|---|---|
| Име на студиската програма | АРХИТЕКТУРА |
| Самостојна високообразовна институција во која се изведува студиската програма | МИТ УНИВЕРЗИТЕТ – СКОПЈЕ |
| Единица на универзитетот во која се изведува студиската програма | ФАКУЛТЕТ ЗА АРХИТЕКТУРА |
| Образовно -научно поле | ТЕХНИЧКО-ТЕХНОЛОШКИ НАУКИ |
| Научна, стручна или уметничка област | 201-Архитектура, урбанизам и планирање<br><br>206- Геодезија |
| Вид на студии | АКАДЕМСКИ – ПРВ (I) ЦИКЛУС<br><br>ВТОР (II) ЦИКЛУС |
| Обем на студиите изразен во ЕКТС кредити | 180 ЕКТС кредити за додипломски студии<br><br>120 ЕКТС за постдипломски студии |
| Научен назив | Дипломиран инженер архитект<br><br>*Академски назив со кој студентот се стекнува по завршување на двегодишната студиска програма од втор циклус студии по архитектура*<br><br>Модул Урбанизам: Магистер Урбанист<br><br>Модул Проектирање: Магистер Архитект<br><br>Модул Дизајн: Магистер Дизајнер |
| Времетраење на студиите, во години | Три години за прв циклус студии<br>Две години за втор циклус студии |
| Јазик на којшто ќе се изведува студиската програма | МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК |

## 6.1 Учесници во самоевалуацијата

### Комисија за евалуација

Комисијата за евалуација (избрана врз основа на член 77 од Законот за високото образование и член 311-314 од Статутот на МИТ Универзитет – Скопје) ја сочинуваат следниве

членови избрани од наставно-научниот совет на Факултетот на редовна седница одржана на 18.09.2013година:

1. Проф. д-р Марула Николовска - претседател
2. Доц. м-р Наталија Пулејкова - Радеска - член
3. Асс. Радмила Томовска- член
4. Асс. м-р Магдалена Матеска Данилоска- член
5. Студент Дамјан Балковски - член

## 6.2 Број на вработени

Табела 6.2.1 Број на вработени на МИТ Факултет за архитектура – Скопје

| Наставно-научен кадар | Соработнички кадар (асистенти и лектори) | Стручен и административен кадар |
|---|---|---|
Студентите одговориле: на 80% им се допаѓа тоа што МИТ Универзитет има форма на вонредно дописно студирање, на 20% делумно. Од додатните активности и ангажмани надвор од редовната настава, задоволни се (со оцена 5) 80 %, а 20 % се изјасниле со оцена 3.

**Мислење за програмата која се изучува на факултетите**

На скала од 1 (слабо) до 5 (одлично):

60 % од студентите тежината на програмата ја оцениле со 5, 20 % од студентите тежината на програмата ја оцениле со 4, и 20 % од студентите тежината на програмата ја оцениле со 3.

80 % од студентите обемноста на програмата ја оцениле со 5, а 20 % од студентите обемноста на програмата ја оцениле со 4.

60 % од студентите квалитетот на програмата го оцениле со 5, а 40 % го оцениле со 4.

**Мислење на студентите за наставниот кадар**

На скала од 1 (слабо) до 5 (одлично):

20 % од студентите стручноста на наставниците ја оцениле со 3, 20 % од студентите стручноста на наставниците ја оцениле со 4, а 60 % од студентите стручноста ја оцениле со 5.

60 % од студентите заинтересираноста на наставниците да го пренесат материјалот ја оцениле со 5, а 40 % од студентите заинтересираноста на наставниците да го пренесат материјалот ја оцениле со 4.

80 % од студентите односот на наставниците кон студентите го оцениле со 5, а 20 % од студентите односот на наставниците кон студентите го оцениле со 2.

### 9.6.2 Анкета за евалуација на предметите

**Анкетен прашалник: Прилог 2**

Во врска со спроведената анкета која имаше за цел да се изврши евалуација на општото задоволство на студентите од предметите кои се изучуваат во рамките на Факултетот за безбедност, криминологија и финансиска контрола, беа добиени следните резултати (пресметан е вкупен просек за сите евалуирани предмети):

На прашањето „предавањата кои ги слушав ми помогнаа да го проширам своето знаење од областа на предметот“, 80 % од студентите одговориле „да“, 10 % „не“, додека 10 % „делумно“. На 63 % од испитаниците, содржината на предавањата им била интересна за следење и интелектуално провокативна, на 7 % не и на 30 % делумно. 73 % се задоволни од добриот сооднос на теоријата и вежбите за време на предавањето, 17 % делумно и 10 % не се задоволни. Од

користењето на мултимедијални средства при предавањето, најголем процент од испитаниците се задоволни (70 %), делумно се задоволни 23 % , а не се задоволни 7 %.

На скала од 1 (слабо) до 5 (одлично), предметите од аспект на тежина беа оценети со: 5 – 42 %, 4 – 23 %, 3 – 23 %, 2 – 4 % и 1 – 8 %; од аспект на организација: 5 – 67 %, 4 – 17 %, 3 – 8 %, 2 – 4 % и 1 – 4 %, и од аспект на корисност 5 – 63 %, 4 – 18 %, 3 – 11 %, 2 – 4% и 1 – 4 %.

Најголем дел од испитаните студенти се задоволни од работата во помали групи и интерактивниот процес на одвивање на наставата (77 %), делумно задоволни се 17 % и незадоволни се 6 %. Од односот на предавачот кон студентот задоволни се 73%, делумно задоволни се 20%, а незадоволни 7 %. 82 % сметаат дека предавачот позитивно влијае на нивната мотивираност, 11 % делумно и 7 % дека не влијае.

На скала од 1 (слабо) до 5 (одлично), предавачите во поглед на стручноста беа оценети: со 5 – 66 %, со 4 – 11 %, со 3 – 15 %, 2 – 4% и со 1 – 4 %. Во поглед на заинтересираноста на предавачот да го пренесе материјалот, 64 % од студентите дале оцена 5, 20 % - 4, 12 % - 3 и 4 % дале оцена 1. Во поглед на јаснотијата на начинот на пренесување на материјалот, предавачите беа оценети: 65 % со 5, 15 % со 4, 12 % со 3, 4% со 2 и 4 % со оцена 1.

Резултатите од студентската евалуација за секој наставник одделно се од доверлив карактер и се приложени во нивните досиеја.

## 9.7 РЕЗИМЕ ОД САМОЕВАЛУАЦИЈАТА

Комисијата за самоевалуација при Факултетот за безбедност, криминологија и финансиска контрола подготви анализа во која беа вклучени поединци и групи - сите структури на Факултетот, почнувајќи од студенти, наставен кадар, стручни соработници, менаџментот и администрацијата.

Се водеа отворени дискусии и се добиваа отворени коментари, факти и судови од сите вклучени субјекти во овој процес , се со цел да се добие целосна слика за Факултетот и неговото работење. Во донесениот заклучок беа потенцирани силните и слабите страни на Факултетот при што посебен акцент се посвети на слабите страни за да истите се анализираат и се најде начин за нивно отстранување.

По завршениот процес на самоевалуација , Комисијата ги донесе следните Заклучоци.

Позитивни страни

- Факултетот располага со детални предметни програми што комплетно се реализираат.
- Начинот на наставата, интерактивноста и интердисциплинарноста и комуникацијата наставник-студент, ја потикнуваат работата на студентите.
- Практичниот начин на настава обезбедува висок степен на комуникација, размена на знаења, практики и искуства помеѓу сите генерации во студиските години.

Слаби страни и препораки

- Мал број на гостувања на странски предавачи од специјалности поврзани со наставната програма. Да се направат напори да се донесат странски предавачи во рамки на клиничката настава за презентирање и размена на странски искуства
- Подобрување на надворешната соработка со цел за обезбедување на подобри можности за практична работа на студентите

## 10. МИТ ФАКУЛТЕТ ЗА ПРАВНИ НАУКИ, МЕЃУНАРОДНИ ОДНОСИ И ДИПЛОМАТИЈА – СКОПЈЕ

| | |
|---|---|
| Име на студиската програма | ПРАВНИ НАУКИ, МЕЃУНАРОДНИ ОДНОСИ И ДИПЛОМАТИЈА |
| Самостојна високообразовна институција во која се изведува студиската програма | МИТ УНИВЕРЗИТЕТ – СКОПЈЕ |
| Единица на универзитетот во која се изведува студиската програма | ФАКУЛТЕТ ЗА ПРАВНИ НАУКИ, МЕЃУНАРОДНИ ОДНОСИ И ДИПЛОМАТИЈА |
| Образовно -научно поле | 5. ОПШТЕСТВЕНИ НАУКИ |
| Научна, стручна или уметничка област | 508 Правни науки |
| Вид на студии | АКАДЕМСКИ – ПРВ (I) ЦИКЛУС<br><br>ВТОР (II) ЦИКЛУС |
| Обем на студиите изразен во ЕКТС кредити | 180 ЕКТС кредити за додипломски студии<br><br>120 ЕКТС за постдипломски студии |
| Научен назив | - ***Дипломиран правник / Магистер по казнено правни науки***<br><br>- ***Дипломиран правник / Магистер по меѓународно право и меѓународни односи***<br><br>- ***Дипломиран правник / Магистер по јавна администрација*** |
| Времетраење на студиите, во години | Три години за прв циклус студии<br>Две години за втор циклус студии |
| Јазик на којшто ќе се изведува студиската програма | МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК |

### 10.1 Учесници во самоевалуацијата

**Комисија за евалуација**

Комисијата за евалуација (избрана врз основа на член 77 од Законот за високото образование и член 311-314 од Статутот на МИТ Универзитет – Скопје) ја сочинуваат следниве членови избрани од наставно-научниот совет на Факултетот на редовна седница одржана на 31.12.2013 година со одлука бр. 0201-950/3:

1. Доц. д-р Зоран Филиповски - претседател
2. Доц. д-р Јана Илиева - член

3. Проф. д-р Соња Ризоска Јовановска - член
4. М-р Весна Попоска - член
5. Студент Мирче Мицовски - член

**10.2 Број на вработени**

**Наставно-научен, соработнички, стручен и административенкадар**

Табела 10.2.1 Број на вработени на МИТ Факултет за правни науки, меѓународни односи и дипломатија – Скопје

| Наставно-научен кадар | Соработнички кадар (асистенти и лектори) | Стручен кадар и административен кадар |
|---|---|---|
| 4 | 6 | 1 |

**10.3 Број на запишани студенти**

**10.3.1 Студенти на прв циклус на студии**

Табела 10.3.1.1 Број на студенти на прв циклус студии за периодот 2013-2014 година

| Академска година | Број на запишани студенти | | | |
|---|---|---|---|---|
| | 1-ва година | 2-ра година | 3-та година | Вкупно |
| 2013/2014 | 34 | 7 | 2 | 43 |

**10.3.2 Студенти на втор циклус на студии**

Табела бр. 10.3.2.1 Број на студенти на втор циклус студии за периодот 2011-2014 година

| Академска година | Број на запишани студенти | Вкупно |
|---|---|---|
| 2013/2014 | 9 | 9 |

**10.4 НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

Факултетот бележи значителна научноистражувачка дејност, при што наставно-научните кадри се вклучени во креирање и реализација на многубројни научноистражувачки проекти од домашен и меѓународен карактер. Резултатите од истражувањата се во функција, не само на развојот на науката, туку и на унапредувањето на наставно-образовната дејност. Исто така, наставно-научниот кадар учествува во бројни домашни и меѓународни состаноци (конгреси, симпозиуми, семинари, работилници и слично) со бројни орални презентации или постер-презентации.

**10.4.1 Број на публикации во последната година**

Факултетот за правни науки меѓународни односи и дипломатија има објавено еден Зборник на трудови од Меѓународна научна конференција„Promoting Human Rights: Recent Developments“ на која со свои трудови учествуваа најголемиот дел од наставниците на ФПНМОД. Вкупниот број од 10 научни трудови наставниот кадар на овој факултет ги има објавено во зборници од конференции во земјата и странство во текот на 2013 и 2014 година.

### 10.4.2 Учество на семинари, конференции, научни собири (домашни и меѓународни) во последната година

Наставниот кадар на ФПНМОД има учествувано на 6 меѓународни конференции во земјата и странство а за студентите се организирани 2 семинари на кои земаа учество научни работници од Република Македонија и Република Србија.

### 10.4.3 Вкупен број организирани научни собири во последната година

Факултетот за правни науки, меѓународни односи и дипломатија беше организатор на меѓународната научна конференција: „Промоција на човековите права: современ развој“ во периодот од 25 до 27 септември во Скопје. Настанот се одвиваше во неколку панели посветени соодветно на: човековите права, современите безбедносни предизвици и евроатлантските интеграции, глобалните економски процеси и еколошката одржливост, со цел сеопфатен, динамичен и развоен пристап кон сите аспекти на проблематиката. На конференцијата зедоа учество голем број на истакнати академски чинители од земјата и од странство.

## 10.5 НАДВОРЕШНА СОРАБОТКА

Факултетот за правни науки, меѓународни односи и дипломатија има склучени договори за соработка со повеќе институции во земјата со цел вонннаставни доквалификации на студентите на Факултетот. Активно соработува со правно-книговодственото биро Александра ДООЕЛ – Велес и со друштвото за консалтинг, посредување и други услуги ИНКО ДООЕЛ – Скопје.

## 10.6 УЧЕСТВО НА СТУДЕНТИТЕ ВО ОЦЕНУВАЊЕТО НА КВАЛИТЕТОТ НА НАСТАВНО-ОБРАЗОВНИОТ ПРОЦЕС

Поаѓајќи од одговорноста за квалитетот и начинот на изведување на постојнитестудиски програми, на Факултетот за правни науки, меѓународни односи и дипломатија квалитетот на наставата семониторираше со анонимна студентска анкета. Евалуацијата се спроведувашепо завршувањето на наставната програма за секој предмет. Раководителите на студиските програми, наставниците и соработниците сезадолжени по анализата на резултатите да преземат соодветни мерки за подобрувањена квалитетот на наставата. Во анкетата учествуваат студенти-испитаници од ситестудиски години.

Со помош на анкетата се изврши евалуација на општото задоволство од студиите на Факултетот за правни науки, меѓународни односи и дипломатија, како и на одделните предмети во рамките на студиските програми, а содржи прашања за асистентот, за наставникот и за предметот.

### 10.6.1 Анкета за евалуација на општото задоволство од студиите

**Анкетен прашалник: Прилог 1**

Во рамките на самоевалуациониот процес, Комисијата за евалуација во соработка со комисиите за самоевалуација на Универзитетот спроведе студентска анкета. Во анкетата учествуваа студенти од прв циклус на студии.Поголем дел од анкетираните (82 %) изјавиле дека во најголем дел се присутни на предавањата и се задоволни од квалитетот на предавањата и вежбите, како и од односот кој го имаат со академскиот и стручниот кадар. Најголемиот број од анкетираните високо ја ценат стручноста и компетентноста на кадарот. Четвртина од анкетираните изјавиле дека ја сметаат програмата за обемна и сеопфатна. Најголемиот број на студенти изјавиле дека доколку повторно треба да изберат каде ќе студираат, би го направиле истиот избор.

### 10.6.2 Анкета за евалуација на предметите

**Анкетен прашалник: Прилог 2**

Во однос на анализата по предмети, резултатите покажуваат дека 75% од студентите ги наоѓаат предавањата за многу корисни и од помош при совладувањето на материјата. 80% од анкетираните одговориле дека материјата која е предавана им била интересна за следење и интелектуално провокативна. 77% од испитаниците одговориле дека се задоволни од добриот сооднос на предавања и вежби, односно од добриот сооднос на теоријата и праксата. Истото се однесува и за користењето на мултимедијални средства при наставата и работата во мали групи. Студентите високо ја ценат стручноста и компетентноста на кадарот (61%) како и желбата за пренесување на знаењето (61%) и нивното влијание врз мотивираноста за учење. Севкупното задоволство од студирањето е на високо ниво.

Резултатите од студентската евалуација одделно за секој наставник се од доверлив карактер и се приложени во нивните досиеја.

## 10.7 РЕЗИМЕ ОД САМОЕВАЛУАЦИЈАТА

Самоевалуацијата во првата година од функционирањето на Факултетот за правни науки, меѓународни односи и дипломатија покажа дека организираноста и квалитетот на студиите како и академската и научно-истражувачката работа на кадарот се на завидно ниво. Анкетата спроведена помеѓу студентите покажува висок степен на задоволство од академските содржини, како и од наставните и воннаставните активности. Организирањето на голема научна конференција од меѓународен карактер и публикувањето на зборник од истата, исто така зборуваат за сериозниот пристап и севкупниот квалитет на работа на Факултетот за правни науки, меѓународни односи и дипломатија при МИТ Универзитет.

## 11. МИТ ФАКУЛТЕТ ЗА ПСИХОЛОГИЈА – СКОПЈЕ

| | |
|---|---|
| Име на студиската програма | ПСИХОЛОГИЈА |
| Самостојна високообразовна институција во која се изведува студиската програма | МИТ УНИВЕРЗИТЕТ – СКОПЈЕ |
| Единица на универзитетот во која се изведува студиската програма | ФАКУЛТЕТ ЗА ПСИХОЛОГИЈА |
| Образовно -научно поле | 5. ОПШТЕСТВЕНИ НАУКИ<br>510 Психологија |
| Научна, стручна или уметничка област | ПСИХОЛОГИЈА |
| Вид на студии | АКАДЕМСКИ – ПРВ (I) ЦИКЛУС<br>ВТОР (II) ЦИКЛУС |
| Обем на студиите изразен во ЕКТС кредити | 180 ЕКТС кредити за додипломски студии<br>120 ЕКТС за постдипломски студии |
| Научен назив | ***Дипломиран психолог***<br>Академскиот назив кој студентот се стекнува со завршување на двегодишната студиска програма од втор циклус студии по менаџмент е ***Магистер по психологија*** |
| Времетраење на студиите, во години | Три години за прв циклус студии<br>Две години за втор циклус студии |
| Јазик на којшто ќе се изведува студиската програма | МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК |

### 11.1 Учесници во самоевалуацијата

Комисијата за евалуација (избрана врз основа на член 77 од Законот за високото образование и член 311-314 од Статутот на МИТ Универзитет – Скопје) ја сочинуваат следниве членови избрани од наставно-научниот совет на Факултетот на редовна седница одржана на 31.12.2013 година:

1. Доц. д-р Тони Науновски - претседател
2. Доц. д-р Мирослав Пендаровски - член
3. М-р Ана Ѓорѓевиќ- член
4. М-р Зорица Теофилова - член

5. Студент Атанас Ивановски - член

**11.2 Број на вработени**
**Наставно-научен, соработнички, стручен и административен кадар**

Табела 11.2.1 Број на вработени на МИТ Факултет за психологија – Скопје

| Наставно-научен кадар | Соработнички кадар (асистенти и лектори) | Стручен и административен кадар |
|---|---|---|
| 7 | 4 | 1 |

**11.3 Број на запишани студенти**

**11.3.1 Студенти на прв циклус на студии**

Табела 11.3.1.1 Број на студенти на прв циклус студии за периодот 2013-2014 година

| Академска година | Број на запишани студенти | | | |
|---|---|---|---|---|
| | 1-ва година | 2-ра година | 3-та година | Вкупно |
| 2013/2014 | 13 | 3 | 2 | 18 |

**11.3.2 Студенти на втор циклус на студии**

Табела бр. 11.3.2.1 Број на студенти на втор циклус студии за периодот 2013-2014 година

| Академска година | Број на запишани студенти | Вкупно |
|---|---|---|
| 2013/2014 | 3 | 3 |

**11.4 НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

Факултетот бележи значителна научноистражувачка дејност, при што наставно-научните кадри се вклучени во креирање и реализација на многубројни научноистражувачки проекти од домашен и меѓународен карактер. Резултатите од истражувањата се во функција, не само на развојот на науката, туку и на унапредувањето на наставно-образовната дејност. Исто така, наставно-научниот кадар учествува во бројни домашни и меѓународни состаноци (конгреси, симпозиуми, семинари, работилници и слично) со бројни орални презентации или постер-презентации.

**11.4.1 Број на публикации во последните 3 години**

Во изминатите три години, наставниот кадар на факултетот има објавено 50 научни стручни трудови.

### 11.4.2 Учество на семинари, конференции, научни собири (домашни и меѓународни) во последните 3 години

Во рамките на научно-истражувачката дејност, наставниот кадара на факултетот има земано учество на 41 научна меѓународна конференција во земјата и во странство.

## 11.5 НАДВОРЕШНА СОРАБОТКА

Факултетот за психологија во рамките на наставно-научниот процес соработува со ЈЗУ Психијатриска болница – Скопје.

## 11.6 УЧЕСТВО НА СТУДЕНТИТЕ ВО ОЦЕНУВАЊЕТО НА КВАЛИТЕТОТ НА НАСТАВНО-ОБРАЗОВНИОТ ПРОЦЕС

Поаѓајќи од одговорноста за квалитетот и начинот на изведување на постојните студиски програми, на Факултетот за психологија квалитетот на наставата се мониторираше со анонимна студентска анкета. Евалуацијата се спроведуваше по завршувањето на наставната програма за секој предмет. Раководителите на студиските програми, наставниците и соработниците се задолжени по анализата на резултатите да преземат соодветни мерки за подобрување на квалитетот на наставата. Во анкетата учествуваат студенти-испитаници од сите студиски години.

Со помош на анкетата се изврши евалуација на општото задоволство од студиите на Факултетот за психологија, како и на одделните предмети во рамките на студиските програми, а содржи прашања за асистентот, за наставникот и за предметот.

### 11.6.1 Анкета за евалуација на општото задоволство од студиите

**Анкетен прашалник: Прилог 1**

За 75% од студентите на факултетот за психологија во прва година на студии, универзитетот МИТ е првиот универзитет на кој се имаат запишано, додека за 25% е втор универзитет на кој се имаат запишано.

75% од студентите се изјасниле дека не им се допаѓа тоа што МИТ универзитет има форма на студирање кое е вонредно и дописно, додека на 25% од студентите им се допаѓа вонредното и дописно студирање.

100% од студентите редовно ги посетуваат предавањата кои се одржуваат на МИТ универзитетот.

Од аспект на тежината на предметите 50% од студентите ги оцениле предметите како многу тешки (5), а 50% од студентите ги оцениле како средно тешки (3).

Од аспект на обемноста 50% од студентите ги оцениле предметите како многу обемни (5), додека 50% од студентите ги процениле предметите како средно обемни (3).

Од аспект на квалитет на предметите, 75% од студентите сметаат дека се многу квалитетни (5) предметите, додека 25% сметаат дека предметите се квалитетни (4).

Сите студенти ги оцениле предавачите од аспект на стручноста со највисока оценка.

Сите студенти ги оцениле предавачите од аспект на заинтересираноста да го пренесат материјалот со највисока оценка.

Сите студенти ги oцениле предавачите од аспект на односот кој го воспоставуваат со студентот со највисока оценка.

75% од студентите се изјасниле дека се многу задоволни (5) од додатните активности и ангажман надвор од редовната настава, додека 25% од студентите се изјасниле дека се задоволни (4) од додатните активности и ангажман надвор од редовната настава

Сите студенти на факултетот за психологија од прва година на студии го рангираат универзитетот МИТ со највисока оценка.

Сите студенти се изјасниле дека доколку повторно се запишуваат на некој факултет би го направиле истиот избор.

На прашањето што најмногу им се допаѓа во рамките на МИТ Универзитетот, студентите навеле „заинтересираност, посветеност на професорите; помала група; квалитетот на односот професор-студент ".

А на прашањето што најмногу не ти се допаѓа во рамките на МИТ универзитетот истакнале „вонредните студенти“.

За тоа што треба да се промени во МИТ универзитет студентите навеле „формирање студентски парламент“.

### 11.6.2 Анкета за евалуација на предметите

**Анкетен прашалник: Прилог 2**

Сите студенти од факултетот за психологија на МИТ Универзитетот се изјасниле со „да“ дека предавањата кои ги слушале им помогнале да го прошират своето знаење од областа на предметот.

100% од студентите дале одговор да, дека содржината на предавањата им била интересна за следење и интелектуално провокативна.

Сите студенти се задоволни од добриот сооднос на теоријата и вежбите за време на предавањата.

Сите студенти се задоволни од користењето на мултимедијални средства при предавањето.

Од аспект на тежина на предметите 63% од студентите ја прoцениле тежината со одлично (5), 25% ја прoцениле тежината на предметите со многу добро (4) и 12% со добро (3).

Сите студенти ги oцениле предметите од аспект на организација со највисока оценка.

Сите студенти ги oцениле предметите од аспект на корисноста со највисока оценка.

Сите студенти се изјасниле со „да“ на тврдењето „Задоволен/на сум од работата во помали групи и интерактивниот процес на одвивање на наставата“.

Сите студенти се изјасниле со „да“ на тврдењето „Задоволен/на сум од односот на предавачот кон мене“.

Сите студенти се изјасниле со „да“ на тврдењето „Предавачот позитивно влијае на мојата мотивираност да го проширам сопственото знаење поврзано со она што го изучувам на факултетот“.

Во поглед на стручноста на предавачите сите студенти ги oцениле со највисоки оценки.
Во поглед на јаснотијата на начинот на објаснување сите студенти ги oцениле предавачите со највисока оценка.

На прашањето „Дали имате нешто што би сакале да додадете во врска со предметот и предавањата, а не е претходно наведено?“ наведен е еден одговор „дебата надвор од предавањата“.

Резултатите од студентската евалуација одделно за секој наставник се од доверлив карактер и се приложени во нивните досиеја.

## 11.7 РЕЗИМЕ ОД САМОЕВАЛУАЦИЈАТА

Самоевалуацијата во првата година од функционирањето на Факултетот за психологија покажа дека организираноста и квалитетот на студиите како и академската и научно-истражувачката работа на кадарот се на завидно ниво. Анкетата спроведена помеѓу студентите покажува висок степен на задоволство од академските содржини, како и од наставните и воннаставните активности.

# 12. СТУДЕНТСКА ЕВАЛУАЦИЈА ЗА КОРИСТЕЊЕТО НА ЕЛЕКТРОНСКИОТ СИСТЕМ НА МИТ УНИВЕРЗИТЕТ

Во рамките на процесот на самоевалуација, студентите на МИТ Универзитет беа анкетирани во врска со задоволството од користењето на електронскиот систем на Универзитетот. Извештајот од спроведената анкета е следниот:

**Колку семестри го користите moodle:**




**Дали ја следите насловната страна со соопштенија и новости на moodle?**



**Дали сте најавени на сите предмети од вашиот тековен семестар?**




**Дали професорите ги поставуваат предавањата редовно на системот?**




**Дали асистентите ги поставуваат вежбите редовно на системот?**




**Дали ги имате превземано сите досегашни прикачени презентации поставени на системот?**




**Дали го следите редовно Форумот за вести на секој од предметите на кои сте најавени?**




**Дали ја сметате за корисна употребата на Форумот за вести на секој од предметите на кои сте најавени?**



## Оценување на начинот на полагање:

**Полагање во електронска форма**




**Прашањата во тестот од видот: избери еден од понудените одговори /совпаѓање**




**Прашањата во квиз од видот: точно / неточно**




**Прашањата во квиз од видот: есејски прашања**




**Прикачување на задачи / семинарски трудови**




**Прегледност на завршните поени / крајната оцена**



Студентите на МИТ Универзитет редовно го користат електронскиот систем moodle и се мошне задоволни од неговата функционалност. Половина од испитаните студенти соопштенија следат на електронскиот систем секој ден, 35% еднаш неделно, 13% понекогаш, а само 2% се информираат во Службата за студентски прашања. Речиси сите студенти се најавени на сите предмети од тековниот семестар, повеќе од половина од студентите сметаат дека професорите редовно ги поставуваат предавањата на системот, а дури 72% се согласуваат дека асистентите редовно ги поставуваат вежбите. Сите студенти ги користат наставните материјали објавени на системот, од нив 40% редовно ги симнуваат прикачените презентации, 33% ги симнале речиси сите, додека останатите предавањата ги прегледуваат онлајн. Иако најголем број од студентите само понекогаш го следат Форумот за вести за секој предмет, повеќе од 60% сметаат дека неговата употреба е корисна.

Што се однесува до начинот на полагање, студентите се мошне задоволни од полагањето во електронска форма. Најмногу им се допаѓаат прашањата во тестот од видот избор на еден од понудените одговори и точно/неточно, а најмалку есејските прашања. Постои општо задоволство од прегледноста на завршните поени, односно крајната оцена.

## 13. МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

Во изминатите три години, МИТ Универзитет оствари плодна соработка на академско ниво со истакнати високо-образовни институции од земјата и странство, како што се:

- Универзитет „Св. Климент Охридски“ – Битола
- Бизнис Академија Смилевски – БАС, Скопје
- Универзитет Александер Дупчек – Тренчин, Република Словачка
- Универзитет во Белград – Економски факултет, Република Србија
- Невладина организација АДО – Романија
- Свеучилиште „Јосип Јуриј Штросмајер“ – Осиек, Република Хрватска
- Медицинско-козметички колеџ – Израел
- Јорк Универзитет – САД

## 14. ЗАКЛУЧОК

Од спроведената самоевалуација на МИТ Универзитет може да се заклучи дека преовладува општо задоволство на студентите од организираноста и квалитетот на студиите, од академските содржини, како и од наставните и вонnаставните активности. Студиските програми се современи и прилагодени за оспособување на студентите со вештини тесно поврзани со идната професија, како и за постојано усогласување на курикулумот со европските регулативи и

стандарди. Постои можност за избор од голем фонд на понудени изборни предмети, добри просторни можности за обавување на теоретската настава како и континуирани напори за осовременување на средствата за настава, практична настава организирана во мали групи и континуирана проверка на знаењата преку колоквиуми. Студентите се мошне задоволни од достапноста на наставните материјали преку електронскиот систем moodle, системот го користат редовно и им се допаѓа полагањето испити во електронска форма.

МИТ Универзитет располага со компетентен наставен кадар кој активно работи на постојано усовршување во својата наставно-научна дејност преку голем број публикации, активно учество на конференции, семинари и симпозиуми во земјата и во странство, а единиците во состав на Универзитетот се јавуваат и како организатор и коорганизатор на меѓународни научни конференции. Резултатите од студентската евалуација одделно за секој наставник се исклучително позитивни; студентите со највисоки оцени се изјаснија за способноста и мотивираноста на наставниците за пренесување на изучуваните содржини. Одделните оцени се од доверлив карактер и се приложени во досиејата на секој наставник.

Како негативна страна, може да се забележи опаѓање на бројот на запишани студенти на некои од единиците на Универзитетот, за што како причина може да се наведе намалување на интересот на идните кандидати за упис на одредени студиски програми. Освен тоа, забележлива е пасивност на студентите за време на теоретската настава, како и недостаток на индивидуална вклученост на студентите во практичната настава, истражувачката работа, односно нивна самостојност.

бул. Трета македонска бригада 6б, 1000 Скопје, Република Македонија
тел: ++389 (0)2 2402 373; факс: ++389 (0)2 2402 890
вебсајт: www.mit.edu.mk е-пошта: contact@mit.edu.mk

**КОМИСИЈА ЗА ЕВАЛУАЦИЈА**

1. Доц. д-р Јана Илиева - претседател ________________________________

2. Доц. д-р Катерина Вељановска - член ________________________________

3. М-р Невена Ристова - член ________________________________

4. М-р Милица Денковска - член ________________________________

5. Горан Трајков - претставник од студентски парламент ________________________________

бул. Трета македонска бригада 66, 1000 Скопје, Република Македонија
тел: ++389 (0)2 2402 373; факс: ++389 (0)2 2402 890
вебсајт: www.mit.edu.mk е-пошта: contact@mit.edu.mk

МИТ УНИВЕРЗИТЕТ

**Прилог 1**

**АНКЕТА ЗА ЕВАЛУАЦИЈА НА ОПШТОТО ЗАДОВОЛСТВО ОД СТУДИИТЕ**

Прочитај ги инструкциите пред да преминеш на пополнување на анкетното ливче:

- Внимателно прочитај ја секоја изјава/прашање и заокружи само една од понудените алтернативи, со која најмногу се согласуваш
- Доколку сакаш да го промениш одговорот, пречкртај ја погрешно заокружената алтернатива со Х и заокружи ја онаа со која најмногу се согласуваш
- На местата означени со празна линија, напиши го тоа што се бара од тебе или дади свој додатен коментар и мислење поврзано со прашањето
- При заокружување на одговорите користи сино или црно пенкало
- Не го виткај или оштетувај анкетното ливче
- Не пишувај додатни коментари ниту ознаки кои не се напишани во барањето

<u>Доверливоста и анонимноста се загарантирани.</u>

1. Дали МИТ Универзитет е прв универзитет на кој се имаш запишано? Доколку не, напиши каде претходно имаш студирано.

да не ___________________________________________

2. Напиши која година на студии си на МИТ Универзитетот.

____________________________________

3. Напиши на која насока си запишан/на. ______________________________.

4. Дали ти се допаѓа тоа што МИТ Универзитет има форма на студирање кое е вонредно и дописно?

да не делумно _______________________________

5. Колку често ги посетуваш предавањата кои се одржуваат во рамките на МИТ Универзитет?

А) присутен/на сум речиси на сите предавања
Б) присутен/на сум отприлика на 2/3 од предавањата
В) присутен/на сум отприлика на 1/3 од предавањата
Г) ретко кога сум присутен/на на предавањата

1. Доколку не ги посетуваш често предавањата, тоа е поради тоа што:

А) работам и немам време
Б) далеку ми е од местото каде што живеам
В) немам што да научам од нив
Г) друго ________________________________

2. На скала од 1 (слабо) до 5 (одлично), како би го оцениле предметот од аспект на:

тежината _____
обемноста _____
квалитетот _____

3. На скала од 1 (слабо) до 5 (одлично) како би ги оценил/а предавачите во однос на:

стручноста _____
заинтересираноста да го пренесат материјалот _____
односот кој го воспоставуваат со студентот _____

4. На скала од 1 (не сум задоволен/на) до 5 (многу сум задоволен/на) напиши колку си задоволен/на од додатните активности и ангажмани надвор од редовната настава, кои се случуваат во рамките на МИТ Универзитет.

1 2 3 4 5

5. На скала од 1 до 5, напиши колку би го рангирал/а МИТ Универзитет.

1 2 3 4 5

6. Што е тоа што најмногу ти се допаѓа во рамките на МИТ Универзитет?

______________________________________________________________________________
______________________________________________________________________________
____________________________________________________________

7. Што е тоа што најмногу не ти се допаѓа во рамките на МИТ Универзитет?

______________________________________________________________________________
______________________________________________________________________________
____________________________________________________________

8. Што сметаш дека треба да се помени во рамките на МИТ Универзитет?

______________________________________________________________________________
______________________________________________________________________________
____________________________________________________________

9. Доколку повторно би се запишувал на некој факултет, дали би го направил истиот избор? Ако не, кој би бил твојот избор?

да не ____________________________________________________________

**Прилог 2**

## АНКЕТА ЗА ЕВАЛУАЦИЈА НА ПРЕДМЕТИТЕ

Предмет: ________________________________

Прочитај ги инструкциите пред да преминеш на пополнување на анкетното ливче:

- Внимателно прочитај ја секоја изјава и заокружи само една од понудените алтернативи со која најмногу се согласуваш
- Доколку сакаш да го промениш одговорот, пречкртај ја погрешно заокружената алтернатива со X и заокружи ја онаа со која најмногу се согласуваш
- При заокружување на одговорите користи сино или црно пенкало
- Не го виткај или оштетувај анкетното ливче
- Не пишувај додатни коментари ниту ознаки кои не се напишани во барањето

Доверливоста и анонимноста се загарантирани.

1. Предавањата кои ги слушав ми помогнаа да го проширам своето знаење од областа на предметот.

да не делумно

2. Содржината на предавањата ми беше интересна за следење и интелектуално провокативна.

да не делумно

3. Задоволен/на сум од добриот сооднос на теоријата и вежбите за време на предавањето.

да не делумно

4. Задоволен/на сум од користењето на мултимедијални средства при предавањето.

да не делумно

5. На скала од 1 (слабо) до 5 (одлично), како би го оцениле предметот од аспект на:

тежината ______
организацијата ______
корисноста ______

6. Задоволен/на сум од работата во помали групи и интерактивниот процес на одвивање на

наставата.

да не делумно

7. Задоволен/на сум од односот на предавачот кон мене.

да не делумно

8. Предавачот позитивно влијае на мојата мотивираност да го проширам сопственото знаење поврзано со она што го изучувам на факултетот.

да не делумно

9. На скала од 1 (слабо) до 5 (одлично) како би го оцениле предавачот во поглед на:

стручноста ______
заинтересираноста да го пренесе материјалот ______
јаснотијата во начинот на објаснување ______

10. Дали имате нешто што би сакале да додадете во врска со предметот и предавањата, а не е претходно наведено?